Прашања - информации од јавен карактер

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Примено: 03. 11. 2021

Орг. ед.	Број	Прилог	Вредн.
15	698/1		

From:

To:

Bcc: mak_brod@yahoo.com

Date: Thursday, October 28, 2021, 01:22 PM GMT+2

Почитувани,

За целите на проектот "Are You(th) IN?", имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од германската фондација Schuler Helfen Leben, работиме на еден Документ за јавни политики. Фокусот на документот е младинскиот активизам и волонтирање на локално ниво, па за таа цел во продолжение ви праќам неколку прашања кои ни е битно да ни ги одговорите.

1. Дали вашата општина нуди волонтирање или практиканство за млади? Ако да, дали и колку млади досега покажале интерес и се вклучиле во работата на општината?

2. Дали имате направено одредено истражување или анализа колку младите од вашата општина се заинтересирани за волонтерство?

3. Дали во вашата општина е стигнато барање / молба од млади лица за покренување на одредена иницијатива во општината? Ако да, на што се однесува иницијативата и дали е поддржана од општината?

4. Дали и колку вашата општина самостојно или во соработка со други институции/организации поддржала реализација на младински проекти? Доколку има поддржано, ве молам за повеќе информации за бројот и видот на поддржани младински проекти.

5. Дали вашата општина има изготвено Локална стратегија за млади и / или Локална стратегија за волонтерство?

Ви благодарам.

Поздрав,